Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
________________

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба бр. од 07.07.2025 година, во врска со Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на м-р Е.А.Ј., м-р Т.Т. и Е.В., судии на УС и на м-р В.И., м-р Е.З.А. и Р.И., судии на ВУС бр. од 26.05.2025 година, поднесено од Е.Д. од Скопје, врз основа на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/19), на седницата одржана на ден 23.07.2025 година донесе

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на м-р Е.А.Ј., м-р Т.Т. и Е.В., судии на УС и на м-р В.И., м-р Е.З.А. и Р.И., судии на ВУС бр. од 26.05.2025 година.

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија доставено е Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност м-р Е.А.Ј., м-р Т.Т. и Е.В., судии на УС и на м-р В.И., м-р Е.З.А. и Р.И., судии на ВУС бр. од 26.05.2025 година.

Во барањето се укажува дека во предметниот случај, судиите на УС сториле бројни повреди на законските одредби. Тие не ги почитувале основните процесни начела утврдени во чл.30 и чл.32 ст.1 т.1 и 2 од Законот за управни спорови, бидејќи не утврдиле дали се исполнети процесните претпоставки за водење на управен спор, не одржале расправа и не ги известиле странките. Дополнително, пресудата го повредила чл.13 ст.1 од Законот за судовите и чл.62 од Законот за управни спорови, бидејќи не содржела уводен елемент дека е донесена „во името на граѓаните на Република Северна Македонија“.

Се посочува дека судиите исто така го прекршиле чл.10 од Законот за судовите, како и повреда на чл.7, чл.8, чл.9 и чл.10 од Законот за управни спорови со непочитување на основните начела на постапката. Нивното

постапување било во спротивност со чл.58 од Законот за управни спорови, бидејќи не ги оцениле наводите, фактите и доказите од одговорот на тужбата. Пресудата била неизвршлива поради недостаток на упатување до орган или рок за преземање дејствие, што претставува повреда на чл.60 ст.5 од истиот закон.

Дополнително, се истакнува дека судиите го игнорирале рокот за изјаснување што сами го определиле, донесувајќи ја пресудата пред неговиот истек, што претставува повреда на чл.64 од Законот за управни спорови. Судијата Е.А.Ј. донела несоодветна исправка на уводот на пресудата, што претставува повреда на чл.66 од Законот за управни спорови. На странката и било ускратено правото на жалба, што е во спротивност со чл.71 од Законот за управни спорови и чл.15 од Уставот. Исто така, судиите ги игнорирале напатствијата на ВУС за одржување расправа, повредувајќи го чл.80 од Законот за управни спорови. Според подносителот судиите на УС сториле повреда и на чл.190 од Судскиот деловник, бидејќи спротивно на доставната наредба дадена во пресудата, пресудата ја доставиле веднаш до медиумите.

Со горенаведените дејствија, смета дека судиите на УС, м-р Е.А.Ј., м-р Т.Т. и Е.В., сториле повреда со грубо непочитување и кршење на чл.7, чл.8, чл.9, чл.10, чл.13 ст.1, чл.30, чл.32 ст.1 т.1 и 2, чл.58, чл.60 ст.5, чл.62, чл.64, чл.71 и чл.80 од Законот за управни спорови, чл.15 од Уставот на РСМ и чл.3 ст.1 т.1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија, а судијата м-р Е.А.Ј. и повреда на чл.66 од Законот за управни спорови при што наведените судии сториле и повреда на чл.10 од Законот за судови и на чл.190 од Судскиот деловник, со што нестручно и несовесно ја вршеле судиската функција во смисла на законските одредби од чл.74 ст.1 ал.2, чл.74 ст.3 и чл.76 ст.1 ал.7 од Законот за судовите.

Во однос на судиите на ВУС се наведува дека нивното постапување било исто така незаконско. Тие го повределе чл.8 ст.2 од Уставот, непочитувајќи ја одредбата дека „слободно е се што со Устав и закон не е забрането". Дополнително, го прекршиле чл.42 од Законот за судски совет, бидејќи тужителката немала правен интерес за спорот, што било експлицитно забрането. Нивното постапување било во спротивност со чл.11 од Законот за управни спорови, бидејќи не постапиле ефикасно и не ги завршиле постапките веднаш, туку укинале решенија без основа. Дадените напатствија за одржување расправа за навременост на тужбата биле во спротивност со чл.30, чл.31 и чл.32 од истиот закон, бидејќи расправата треба да се одржи само по утврдување на процесните претпоставки, а не за нивно утврдување. Оваа грешка дополнително го повредила чл.37 од Законот за управни спорови, според кој расправа се закажува кога судот одлучува по тужбата, односно кога веќе претходно утврдил дека се исполнети условите за водење на управен спор.

Со горенаведените дејствија, смета дека судиите на ВУС, м-р В.И., м-р Е.З.А. и Р.И.,, сториле повреди на чл.8 ст.2 од Уставот на РСМ, чл.42 од Законот за судски совет, чл.11, чл.30, чл.31 и чл.32 од Законот за управни спорови, со што нестручно и несовесно ја вршеле судиската функција во

смисла на законските одредби од чл.74 ст.1 ал.2, чл.74 ст.3 и чл.76 ст.1 ал.7 од Законот за судовите.

Во прилог кон барањето доставени се докази на кои истото се заснова и кои треба да се изведат на расправата.

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно член 63 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, формира Комисија на известители по предметното барање.

Комисијата на известители по разгледување на Барањето, прилог доказите кон истото, од наводите во истото и описот на повредата не донесе одлука согласно на член 63 став 6 од Законот за Судскиот совет на РСМ, и до Советот согласно член 63 став 7 од истиот закон поднесе Известување за утврдена фактичка состојба под бр. од 10.07.2025 година.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 23.07.2025 година расправаше по Известувањето за утврдената фактичка состојба на Комисијата на известители согласно на член 63 став 7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и одлучи за запирање на постапката .

Советот најде дека предметното барањето се однесуваат на факти кои во постапка по правен лек ги разгледува и за нив одлучува непосредно повисок суд, како единствено надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука.

Ова согласно член 13 став 3 од Законот за судовите , каде судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Првостепените одлуки на УС биле предмет на жалбена постапка пред ВУС. Постапувајќи по напатствијата на повисокиот суд во решението УРПЖ.бр. од 08.04.2024 година со кое се укинува решението на УС, У-5 бр. од 23.09.2024 година, судиите на УС во предметниот судски спор донеле пресуда У-5.бр. од 15.05.2025 година со која тужбата на тужителот се уважува, а одлуката за избор на судија на УС на Република Северна Македонија бр. од 10.04.2023 година на С. на Република Северна Македонија, се поништува.

ВУС во рамки на изјавен правен лек против првостепените одлуки на Управниот суд во ситуација кога не биле исполнети законските услови за примена на член 79 став 3 и член 80 став 5 од Законот за управните спорови и да одржи расправа и мериторно да одлучи, ги укинува првостепените решенија и предметот го враќа на повторно постапување и одлучување пред УС со напатствија и укажувања за донесувањето на законита одлука а согласно на одредбите од Законот за управните спорови

Оттука во смисла на одредбата од членот 63 став 4 алинеја 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, предметното барање се однесува на факти кои биле и можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд во рамки на постапување по правен лек.

Предвид наведеното, Судскиот совет  на Република Северна Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р.Александар Камбовски**

**ДН:**
-подносител
-архива